Република Македонија
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ**
**Бр.**07-15362**од** 24.12. **2009 г.**

Врз основа на член 69 став 4 од Законот за превоз во патниот сообраќај („Сл.весник на РМ“ бр. 68/2004, 127/06 и 114/09 ), а согласно со Правилникот за поблиските критериуми за просторните, техничките уреди како и формата и содржината на сертификатот за подготвеност за сообраќај на возилата („Сл. весник на РМ“ бр. 60/07, 86/07), министерот за транспорт и врски го донесе следното:

## О В Л А С Т У В А Њ Е

**за издавање на сертификат за подготвеност за сообраќај на возилата**

**1**. Се овластува АМСМ УСЛУГИ – ХОМОЛОГАЦИЈА ДООЕЛ-СКОПЈЕ, да издава Сертификат за подготвеност за сообраќај на возилата на испитно место „Скопје- Чаир“.

**2.** Ова овластување се донесува врз основа на исполнување на пропишаните поблиски критериуми кои ги исполнуваат просторните и техничките уреди за вршење на проверка и испитување на возилата предвидени со Правилникот за поблиските критериуми за просторните, техничките уреди како и формата и содржината на сертификатот за подготвеност за сообраќај на возилата („Сл. весник на РМ“ бр. 60/07, 86/07), и согласно Записниците од Комисијата за разгледување на барањето за овластување на правно лице за издавање на сертификат за подготвеност за сообраќај на возилата составени на ден 09.09.2009 година и 19.10.2009 година.

**3**. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

**МИНИСТЕР**
**Миле Јанакиески**

Доставено до:
- АМСМ УСЛУГИ – ХОМОЛОГАЦИЈА ДООЕЛ-СКОПЈЕ,
- Сектор за патен сообраќај и инфраструктура
- Архива